# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 20.3.2025 година<br>Скопје<br>Број 4 год. XX | Претплатата за 2024 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


март, 2025 година

## С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Одлука за доделување парична помош за настраданите граѓани во Кочани, со Решение за објавување ........................................... 1 - 2

- Јавна објава .......................................................................... 3

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за доделување парична помош за настраданите граѓани во Кочани**

Се објавува Одлуката за доделување парична помош за настраданите граѓани во Кочани,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 5. Вонредна седница, одржана на 19.3.2025 година.

Бр. 09-1748/3
19.3.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 5. вонредна седница, одржана на 19.3.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## за доделување парична помош за настраданите граѓани во Кочани

### Член 1

Се доделува парична помош во износ од 1.000.000,00 денари, заради трагичниот настан, во кој загинаа поголем број на граѓани во пожарот во дискотеката во Кочани.

### Член 2

Средствата од член 1 Општина Центар-Скопје ќе ги исплати од Буџетот на Општината за 2025 година.

### Член 3

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се уплатат на посебната сметка на Црвениот крст на Република Северна Македонија - Фонд за солидарност на Црвен крст на РСМ - 300000001327966 ДБ 4030984271620 – АД Комерцијална банка, цел на дознака: уплата за помош за настраданите граѓани во Кочани.

### Член 4

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-1748/2
19.3.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Билјана Филиповска Тодорчевска с.р.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЦЕНТАР
СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ

**ИП1 Број 34-35-3/148 од 14.03.2025 година**

# ЈАВНА ОБЈАВА

Се повикуваат **сопствениците на објектите што се наоѓаат на улица Стефан Јакимов Дедов бб , на катастерската парцела КП 10165/1 и КП 10166 КО Центар 1,** лично или да испрати законски застапник на распит на ден 24.03.2025 година во 09.00 часот во просториите што се наоѓаат во просториите на улица Михаил Цоков број 1, барака 6А соба 4, заради распит - увид во техничка документација за изградба на деловни објекти.

Ова објава се смета за уредна достава на покана за распит според член 84 и член 86 од Законот за општа управна постапка(Службен весник на РМ 124/15) поради тоа што за овој орган не се познати сопствениците, ниту нивната адреса на живеење.

Овластен градежен инспектор

Златко Бојаџиев дипл.град.инж.

ул. Михаил Цоков 6б , 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk